Бр./Nr 12-2644/3

20-05-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 67-та седница одржана на 13.05.2022 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-4173/1 од 26.10.2021 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, предметот нема елементи за надлежно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-4173 од 2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-4173/1 од 26.10.2021 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Во пријавата подносителот наведува дека службеното лице ///, вработена во ///, во својство на ///, не постапувало по барање за денационализација, поднесено од подносителот. Пријавата е сукцесивно надополнета на 22.03.2022 година, при што детално е образложен целокупниот тек на постапката за денационализација. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог доставени се докази.

Со увидот во содржината на пријавата и доставените докази, ДКСК не утврди елементи за надлежно постапување за овој конкретен случај. Наведените дејствија во пријавата не укажуваат на коруптивни дејства на службени лица. Имено, по предметното барање за денационализација на подносителот, постапувале сите надлежни органи и институции, за што донеле одлуки од нивна законска надлежност. Оттаму несомнено произлегува дека наводите на подносителот се целосно неосновани, дека посоченото службено лице во пријавата не постапувало по предметното барање за денационализација.

Согласно горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: м-р Д. Д.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**